# АНАЛИЗА НА НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО 2018 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОЦИ ПО ОДНОС НА СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ

- Во 2018 година мониторирани беа 72 јавни институции од кои на листата на реактивно нетранспарентни институции се најдоа 24 (33 %) кои во текот на годината не работеле во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Од вкупниот број на институции 22 (30%) делумно го почитувале законот, а 26 (36%) од нив работеле целосно во согласност со овој Закон.

- Од мониторираните институции, 14 (19%) не доставиле одговор на поднесените барања во редовна постапка, 16 (22%) испратиле дел од одговорите, а 42 (58%) пратиле одговори на сите барања.

- Од вкупно поднесените 1.037 барања кон јавните институции, 87 % биле одговорени во редовна постапка. Во редовна постапка на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер Владата и Министерствата одговориле на 18 %; Управата за јавни приходи одговорила на половина од барањата; здравствените институции одговориле на 84 %; Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување на РМ, Заводот за здравствена заштита, Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас, Спортскиот центар Борис Трајковски и Агенцијата за вработување на РМ во редовна постапка одговориле на сите барања; а пак Јога сојузот на Македонија не одговорил на ниту едно барање во редовна постапка.

- Бројот на барања по кои биле добиен некомплетен одговор изнесува 98 и претставува 9 % од вкупно поднесените барања. Од овие, 93 биле од страна на Агенцијата за вработување на РМ, 4 биле од страна на Здравствениот дом Кавадарци и 1 од Министерството за одбрана.

- Во 2018 година нема одбиени барања или запрени постапки, во однос на 2017 година кога имаше три вакви случаи.

- Во 2018 година институциите молчеле на 13 % од барањата, или на вкупно 136, што не се разликува многу во однос на претходната година.

- Во 2018 година на институциите во просек им било потребно подолго време да одговорат на примените барања. Просечниот број на денови на добивање на одговор изнесува 68 дена, и е за 27 дена повисок во однос на 2017 година.

- Во 2018 година биле доставени вкупно 233 жалби до Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер (135 жалби поради молчење на администрацијата и 98 поради незадоволство од одговорот), што е поголем за 70 од

бројот во 2017 година, и сега претставува 22 % од бројот на вкупно поднесените барања.

- Просечниот број на денови на добивање на одговор пресметано од денот на поднесување на жалба поради незадоволство од одговор во 2018 година изнесува 150.
- Напредок на нивото на реактивна транспарентност во 2018 во однос на 2017 година, бележат само седум (7) институции.
- Уназадување на нивото на реактивна транспарентност се бележи кај дваесет и две (22) јавни институции.
- Промена не е евидентирана кај дваесет и шест (26) од мониторираните институции.
- Институција која што е најзатворена кон јавноста во 2018 година е Министерството за здравство. Оваа институција молчела на најголем процент од добиените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, и тоа од вкупно 39 барања таа доставиле одговор само на едно.
- Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство е институција која во 2018 година најмногу доцни со доставување на одговор на поднесено барање, а во најкус рок пак доставено одговор има Центарот за јавно здравје Куманово.

## ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РЕАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

- Секоја од мониторираните 72 институции, која е оценета како делумно реактивно транспарентна (означено со жолта боја) или нетранспарентна институција (означена со црвена боја), да превземе активности за унапредување на начинот на спроведување на постапките за слободен пристап до информации од јавен карактер.

- Секоја институција која е оценета како делумно реактивно транспарентна (означено со жолта боја) или нетранспарентна институција (значена со црвена боја) во табелата дадена во Анекс 1 на овој документ, во однос на одговарање на добиени барања во редовна постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер од 30, односно 40 денови од денот на приемот на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, да превземе активности за обезбедување на бараните одговори во законски предвидениот рок, без иницирање на жалбени постапки.

- Секоја институција која е оценета како делумно реактивно транспарентна (означено со жолта боја) или нетранспарентна институција (значена со црвена боја) во табелата дадена во Анекс 1 на овој документ, во однос на бројот на барања на кои институцијата молчела односно не обезбедила никаков одговор во законски предвидениот рок, да превземе активности за обезбедување на бараните одговори во законски предвидениот рок,и во целост, без иницирање на жалбени постапки.

- Секоја институција која е оценета како делумно реактивно транспарентна (означено со жолта боја) или нетранспарентна институција (значена со црвена боја) во табелата дадена во Анекс 1 на овој документ, во однос на доставување на одговор на примени барања во законски предвидениот рок да превземе активности за следење на примените барања и доставување на одговор најдоцна во рок од 30 дена од нивниот прием.

- Сите 21 институција кои во 2018 година го уназадиле своето постапување во постапките за слободен пристап до информации од јавен карактер, кое пред се се должи на значително доцнење во доставување на одговорите по однос на добиените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и молчење, да ги утврдат причините заради кои дошло до ова уназадување и да преземат чекори за надминување на идентификуваните слабости.

- Да се воспостави тело составено од независни членови, претставници на граѓански организации, кои ќе вршат ревизија на спроведените постапки за слободен пристап до информации од јавен карактер кај секој од имателите на информации од јавен карактер, а врз основа на наодите од ревизија ќе доставуваат препораки за унапредување на постапувањето по однос на законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

- Да се започне со практикување на казнените одредби од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

- Да се развие и спроведе програма за обуки, во соработка со граѓанските организации од различни области, на сите вработени од јавните институции за обврските кои произлегуваат од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и начин на обезбедување на одговори по однос на добиените барања.

- Да се воспостави и спроведува методологија за континуирано следење и евалуација на спроведувањето на законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

- Да се направи увид во сите тековни политики со цел да се идентификуваат одредби кои го ограничуваат правото на граѓаните да добијат информации за работењето на јавните институции и да се елиминираат можностите за злоупотреби од страна на јавните институции.

# I. ВОВЕД

Со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации, и им се овозможува на физичките и правните лица да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Иматели на јавни информации се сите органи на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, Градот Скопје и општините во градот, установите и јавните служби, јавните претпријатија, и сите правни и физички лица што вршат јавни овластувања, утврдени со закон.

Оваа анализа има за цел да ги идентификува јавните институции, иматели на информации од јавен карактер, кои не го почитуваат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, и со тоа да го прикаже нивното нивото на реактивна транспарентност во 2018 година, при тоа да направи споредба на оцената кои тие ја добиле во 2018 и 2017 година и да се прикаже степенот на нивниот напредок или уназадување. Освен тоа, целта на оваа анализа е и да се дадат препораки за начинот и можноста за унапредување на нивото на реактивна транспарентност, и подобрување на квалитетот на информациите кои тие и ги презентираат на јавноста односно на барателите на информации.

Во 2018 година предмет на анализа беа 1037 спроведени постапки на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер упатени до 72 јавни институции. Од вкупно 1037 барања, во редовна постапка беа одговорени 87 % од истите. Во 2018 година вкупно беа спроведени 233 жалбени постапки кон Комисијата за заштитна на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, од кои 98 (упатени кон 3 институции) биле поради незадоволство од примениот одговор, а останатите 135 поради молчење на администрацијата (упатени кон 29 институции).

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА АНАЛИЗАТА

Анализата на постапките е направена по пат на оценка на транспарентноста на секоја институција од аспект на шест параметри и тоа:

- *број на добиени одговори во редовна постапка;*
- *број на добиени нецелосни одговори во редовна постапка;*
- *број на одбиени барања или пак запрени постапки од страна на имателите на информации од јавен карактер;*
- *број на барања по кои имателите молчеле;*
- *просечен период на добивање на одговор на доставени барања за пристап до информации од јавен карактер во редовна и жалбена постапка;*
- *просечен период на добивање на одговор по поднесување на жалбена постапка поради незадоволство од добиениот одговор.*

Секој од наведените параметри се разгледува како процент од вкупно доставените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до секоја од институциите. Добиените проценти се претвораат во оценка/боја утврдена со претходно развиена матрица за оценка, во која : 0 означува нетранспарентна институција/црвено; 1 – делумно транспарентна/жолто и 2 транспарентна/зелено.

Конечната оценка за секоја институција претставува оценка добиена како просек од поединечните оценки на претходно наведените параметрите.

## II. НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО 2018 ГОДИНА

Во 2018 година од вкупно мониторираните 72 институции, на листата на реактивно нетранспарентни институции се најдоа 24 (33 %) институции кои во текот на годината не работеле во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Од вкупниот број на институции 22 (30%) делумно го почитувале законот, а 26 (36%) од нив работеле целосно во согласност со овој Закон.

Во 2018 година, во просек нивото на постапување по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер во редовна постапка останува непроменето, но се зголемува бројот на барања по кои е добиен некомплетен одговор, просечниот период на добивање на одговор и бројот на доставени жалби. Од мониторираните институции, 14 (19%) не доставиле одговор на поднесените барања во редовна постапка, 16 (22%) испратиле дел од одговорите, а 42 (58%) пратиле одговори на сите барања. Доколку мониторираните институции ги поделиме по вид на институција ќе забележиме дека во редовна постапка на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер Владата и Министерствата одговориле на 18 %; Управата за јавни приходи одговорила на половина од барањата; здравствените институции одговориле на 84 %; Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување на РМ, Заводот за здравствена заштита, Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас, Спортскиот центар Борис Трајковски и Агенцијата за вработување на РМ во редовна постапка одговориле на сите барања; и пак Јога сојузот на Македонија не одговорил на ниту едно барање во редовна постапка.

Значајно е да се спомене дека од вкупно поднесените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер во 2018 година 41 % или вкупно 424 барања биле доставени до Агенцијата за вработување на РМ, а воедно и најголем број жалби биле доставени кон оваа институција и тоа 40 % од вкупниот број. Оваа институција има одговорено на целокупниот број на примени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, но квалитетот на доставените информации е на многу ниско ниво.

Во оваа година, институција која што е најзатворена кон јавноста е Министерството за здравство. Оваа институција молчела на најголем процент од добиените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, и тоа од вкупно 39 барања таа доставиле одговор само на едно. Додека пак, Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство е институција која во 2018 година најмногу доцни со доставување на одговор на поднесено барање. Во најкус рок пак доставено одговор има Центарот за јавно здравје Куманово.

Од институциите кои биле мониторирани во 2018 како и во 2017 година, кај 22 од нив се бележи пад во нивото на реактивна транспарентност односно тие станале помалку отворени кон јавноста. Министерството за здравство; Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство; Здравствените домови во Кичево и Прилеп и Јога сојузот на Македонија го продолжуваат трендот на реактивно нетранспарентни институции и во текот на 2018 година како и претходната година. (Види Табела 1 и Анекс 1)

## ЛЕГЕНДА НА ОЦЕНКИ

**НЕТРАНСПАРЕНТЕН**
нетранспарентна институција е онаа што има одговорено на помалку од 80 % од барањата во редовна постапка; има над 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок подолг од 41 ден од денот на поднесување на барањата

**ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТЕН**
делумно транспарентна институција е онаа што има одговорено на 81 – 90 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0,1 – 1% нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 31 до 40 дена од денот на поднесување на барањата

**ТРАНСПАРЕНТЕН**
транспарентна институција е онаа што има одговорено на 91 до 100 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0 – 0,1 % нецелосно одговори; 0 % одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 0 до 30 дена од денот на поднесувањето на барањата

**Табела 1.**
Ранг листа на институции од јавниот и од здравствениот сектор од аспект на нивната транспарентност и отвореност

| РЕАКТИВНО НЕТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ ВО 2018 |
|---|
| **Здравствен дом Берово** |
| **Здравствен дом Гевгелија** |
| **Здравствен дом Гостивар** |
| **Здравствен дом Делчево** |
| **Здравствен дом Кичево** |
| **Здравствен дом Прилеп** |
| **Здравствен дом Неготино** |
| **Министерство за здравство** |
| **Министерство за култура** |
| **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |
| **Министерство за информатичко општество и администрација** |
| **Министерство за локална самоуправа** |
| **Министерство за образование и наука** |
| **Министерство за труд и социјална политика** |
| **Министерство за животна средна и просторно планирање** |
| **Општа болница Струмица** |
| **Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство** |
| **Центар за јавно здравје Велес** |
| **Центар за јавно здравје Кочани** |
| **Центар за јавно здравје Охрид** |
| **Центар за јавно здравје Тетово** |
| **Центар за јавно здравје Штип** |
| **Јога Сојуз на Македонија** |
| **Управа за јавни приходи** |

| ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ ВО 2018 |
|---|
| **Здравствен дом Битола** |
| **Здравствен дом Виница** |
| **Здравствен дом Дебар** |
| **Здравствен дом Кавадарци** |
| **Здравствен дом Македонски Брод** |
| **Здравствен дом Пробиштип** |
| **Здравствен дом Ресен** |
| **Здравствен дом с. Ростуше** |
| **Здравствен дом Св. Николе** |
| **Здравствен дом Скопје** |
| **Здравствен дом Тетово** |
| **Институт за јавно здравје** |
| **Министерство за финансии** |
| **Министерство за одбрана** |
| **Министерство за транспорт и врски** |
| **Министерство за правда** |
| **Центар за јавно здравје Битола** |
| **Центар за јавно здравје Скопје** |
| **Центар за јавно здравје Струмица** |
| **Завод за здравствена заштита на мајките и децата** |
| **Универзитетска клиника за детски болести** |
| **Агенција за вработување на РМ** |

| РЕАКТИВНО ТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ ВО 2018 |
|---|
| Здравствен дом Вевчани |
| Здравствен дом Велес |
| Здравствен дом Демир Хисар |
| Здравствен дом Железничар |
| Здравствен дом Кочани |
| Здравствен дом Кратово |
| Здравствен дом Крива Паланка |
| Здравствен дом Крушево |
| Здравствен дом Куманово |
| Здравствен дом Охрид |
| Здравствен дом Радовиш |
| Здравствен дом Струга |
| Здравствен дом Струмица |
| Здравствен дом Штип |
| Здравствен дом Пехчево |
| Министерство за надворешни работи |
| Министерство за внатрешни работи |
| Министерство за економија |
| Фонд за пензиско и инвалидско осигурување |
| Фонд за здравствено осигурување на РМ |
| Специјална Болница за гинекологија и акушерство - Чаир |
| Центар за јавно здравје Куманово |
| Центар за јавно здравје Прилеп |
| Влада на РМ |
| Завод за рехабилитација на слух, говор и глас |
| Спортски Центар Борис Трајковски |

## III. НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ НА ПОЕДИНЕЧНИ ПАРАМЕТРИ ПРИ ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОЦЕНАТА НА НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО 2018 ГОДИНА

Во 2018 година биле мониторирани 72 јавни и здравствени институции, за 7 повеќе во однос на 2017 година. Кон овие институции биле испратени 1.037 барања или за 301 барање помалку во однос на претходната година. И покрај понискиот број на испратени барања во 2018 година, процентот на добиени одговори по редовна постапка во двете години е ист, односно биле примени одговори на 87 % од барањата кои биле поднесени.

Значајна разлика по однос на добиените податоци во 2018 и 2017 година се забележува во бројот на барања по кои е добиен некомплетен одговор. Оваа година е многу повисок во однос на претходната и претставува 9 % од вкупно поднесените барања до сите институции. Најголем број на неквалитетни одговори биле доставени од страна на Агенцијата за вработување на РМ, па оттука и најмногу жалбени постапки биле спроведени по однос на тие барања, односно вкупно 93. Некомплетни одговори, и тоа вкупно 4, биле доставен и од страна Здравствениот дом Кавадарци, и еден од страна на Министерството за одбрана. И по однос на овие барања била спроведена жалбена постапка поради незадоволство од добиениот одговор, кон Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во 2018 година, мониторираните институции молчеле на 13 % или вкупно 136 од барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, што не се разликува многу во однос на претходната година. Одбиени одговори или запрени постапки во оваа годината немало, за разлика од претходната кога имало три вакви случаи.

По однос на периодот на примените одговори, во 2018 година на институциите им било потребно повеќе време за да го достават одговорот кон барателот. Просечниот период на одговарање бил 68 дена, и е за 27 дена подолг во однос на претходната година. Додека пак, просечниот број на денови на добивање на одговор пресметано од денот на поднесување на жалба поради незадоволство од одговор изнесува 150 дена. Со зголемување на периодот на одговарање на барањата, имателите на информации само го докажуваат својот низок квалитет во редовното работење и водењето на евиденција.

Кон Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, биле спроведени вкупно 233 жалбени постапки, или 22 % од вкупно поднесените барања во годината. Од вкупниот број на жалби, 135 биле поради молчење на администрација и 98 поради незадоволство од добиениот одговор, што е за 70 поголем во однос на 2017 година. (Види Табела 2)

**Табела 2.**
Сумарен приказ на поединечните параметри во 2018 и 2017 година

| Поединечни параметри | 2018 година | 2017 година |
|---|---|---|
| Број на институции до кои биле поднесени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер | 72 | 65 |
| Број на поднесени барања | 1037 | 1338 |
| Број на добиени одговори во редовна постапка | 901 | 1163 |
| Процент на добиени одговори во редовна постапка | 87% | 87 % |
| Број на барања по кои е добиен некомплетен одговор | 98 | 7 |
| Процент на барања по кои е добиен некомплетен одговор | 9 % | 0,5 % |
| Број на одбиени барања/запрени постапки | 0 | 3 |
| Процент на одбиени барања од одговорени | 0 | 0,3 % |
| Број на барања на кои институциите молчеле | 136 | 166 |
| Процент на барања по кои молчеле | 13 % | 12 % |
| Просечен број на денови на добивање на одговор сметано од денот на неговото поднесување | 68 | 41 |
| Број на доставени жалби | 233 | 163 |
| Процент на испратени жалби од вкупниот број на поднесени барања | 22 % | 12 % |
| Просечен број на денови на добивање на одговор сметано од поднесување на жалба поради незадоволство од одговор | 150 | /[1] |

[1] Овој број не беше вклучен како посебен параметар во пресметката за 2017 година, односно беше пресметан во вкупниот просечен број на денови на добивање на одговор сметано од денот на неговото поднесување.

## IV. НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ НА ПРОМЕНИТЕ НА НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО 2018 ВО ОДНОС НА 2017 ГОДИНА

Од добиените наоди при споредба на оцените кои јавните институции ги добиле во 2018 и 2017 година може да заклучиме дека напредок во нивото на реактивната транспарентност се бележи кај седум (7) институции и тоа:

- Здравствениот дом Железничар и Здравствениот дом Штип; Министерството за економија и Спортскиот центар Борис Трајковски **преминале од реактивно нетранспарентни во реактивно транспарентни**. Овие институции во 2018 година одговориле на сите примени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, во споредба со претходната година кога не доставиле одговори во редовна постапка.
- Специјалната болница за гинекологија и акушерство **преминала во реактивно транспарентна од делумно транспарентна институција** како резултат на поднесување на одговор на примените барања во редовна постапка и во краток период.
- Министерството за финансии и здравствениот дом Македонски Брод **од реактивно нетранспарентни преминале во делумно транспарентни институции** поради недоставување на сите барани информации во редовна постапка.

Кај дваесет и две (22) од мониторираните институции се бележи уназадување на нивото на реактивна транспарентност и тоа:

- **10 институции преминале од реактивно транспарентни во реактивно нетранспарентни институции**. Тоа се здравствените домови во Берово, Гевгелија и Неготино; Општата болница Струмица; Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство и центрите за јавно здравје во Велес, Кочани, Охрид, Тетово и Штип. Од овие институции Здравствениот дом Берово и Центарот за јавно здравје не одговориле на ниту едно од примените барања, а останатите одговориле само на дел од барањата во редовна постапка, во однос на претходната година кога тие ги имале одговорено сите барања во редовна постапка и во определениот рок.
- Здравствениот дом Гостивар **од делумно транспарентна преминал во нетранспарентна институција** поради недоставување на ниту еден одговор во редовна постапка.
- Единаесет институции **од транспарентни преминале во делумно транспарентни институции.** Од овие институции, Здравствените домови во Битола, Виница и Дебар не доставиле одговор во редовна постапка на само едно барање, Институтот за јавно здравје не доставил одговор на едно барање и при тоа не го испочитувал определениот рок за оговарање, а додека Здравствените домови во Пробиштип, Ресен, с. Ростуше, Св. Николе и Тетово; Центарот за јавно здравје Битола и Универзитетската клиника за детски болести само не го испочитувале предвидениот рок и затоа се најдоа на оваа листа.

Од мониторираните институции постојат и такви каде нема промена во нивото на реактивната транспарентност. Во 2018 година промена не е забележана кај дваесет и шест (26) институции и тоа:

- Здравствените домови во Вевчани, Велес, Демир Хисар, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Охрид, Радовиш, Струга, Струмица и Пехчево и Центрите за јавно здравје во Куманово и Прилеп **остануваат на нивото на транспарентни институции.** Овие институции ја продолжуваат праксата на навремено и квалитетно доставување на побараните информации и документи.
- Здравствените домови во Кавадарци и Скопје; Центрите за јавно здравје во Скопје и Струмица; Заводот за здравствена заштита на мајките и децата и Агенцијата за вработување на РМ **остануваат делумно транспарентни**.
- Здравствените домови во Кичево и Прилеп; Министерството за здравство; Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јога сојузот на Македонија **остануваат на нивото на реактивно нетранспарентни институции**. Овие институции продолжуваат да бидат затворени кон јавноста и да ги држат во тајност информациите и документите од јавен карактер. (Види Анекс 2)

**Анекс 1.**

Оценки на секоја институција по поединечни параметри

| | Број на барања на кои е добиен одговор по редовна постапка (1) | Број на барања на кои е добиен некомплетен одговор (2) | Број на одбиени барања/запрени постапки (3) | Број на барања на кои институциите молчеле (4) | Просечен број на денови на добивање на одговорот, сметано од денот на неговото поднесување (5) | Просечен број на денови на добивање на одговор, сметано од поднесување на жалба поради незадоволство од одговор (6) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Здравствен дом Берово | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Здравствен дом Битола | 1 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Здравствен дом Вевчани | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Здравствен дом Велес | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Здравствен дом Виница | 2 | 2 | 2 | 0 | 1 | |
| Здравствен дом Гевгелија | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Здравствен дом Гостивар | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Здравствен дом Демир Хисар | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Здравствен дом Дебар | 2 | 2 | 2 | 0 | 1 | |
| Здравствен дом Делчево | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Здравствен дом Железничар | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Здравствен дом Кавадарци | 2 | 0 | 2 | 2 | 0 | 2 |
| Здравствен дом Кичево | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Здравствен дом Кочани | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Здравствен дом Кратово | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Здравствен дом Крива Паланка | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Здравствен дом Крушево | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Здравствен дом Куманово | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Здравствен дом Македонски Брод | 2 | 2 | 2 | 0 | 2 | |
| Здравствен дом Охрид | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Здравствен дом Прилеп | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Здравствен дом Пробиштип | 2 | 2 | 2 | 2 | 0 | |
| Здравствен дом Радовиш | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Здравствен дом Ресен | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | |
| Здравствен дом с. Ростуше | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | |
| Здравствен дом Св. Николе | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Здравствен дом Скопје | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | |
| Здравствен дом Струга | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Здравствен дом Струмица | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Здравствен дом Тетово | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | |
| Здравствен дом Штип | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Здравствен дом Неготино | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Здравствен дом Пехчево | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Институт за јавно здравје | 1 | 2 | 2 | 0 | 1 | |
| Министерство за здравство | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Министерство за финансии | 0 | 2 | 2 | 0 | 2 | |
| Министерство за култура | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Министерство за одбрана | 2 | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 |
| Министерство за информатичко општество и администрација | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Министерство за локална самоуправа | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Министерство за образование и наука | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Министерство за труд и социјална политика | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Министерство за транспорт и врски | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | |
| Министерство за животна средна и просторно планирање | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Министерство за правда | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | |
| Министерство за надворешни работи | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Министерство за внатрешни работи | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Министерство за економија | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Фонд за пензиско и инвалидско осигурување | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Фонд за здравствено осигурување на РМ | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Општа болница Струмица | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Специјална Болница за гинекологија и акушерство - Чаир | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Центар за јавно здравје Битола | 2 | 2 | 2 | 2 | 0 | |
| Центар за јавно здравје Велес | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Центар за јавно здравје Кочани | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Центар за јавно здравје Куманово | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Центар за јавно здравје Охрид | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Центар за јавно здравје Прилеп | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Центар за јавно здравје Скопје | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | |
| Центар за јавно здравје Струмица | 2 | 2 | 2 | 2 | 0 | |
| Центар за јавно здравје Тетово | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Центар за јавно здравје Штип | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Влада на РМ | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Завод за здравствена заштита на мајките и децата | 2 | 2 | 2 | 2 | 0 | |
| Завод за рехабилитација на слух, говор и глас | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Јога Сојуз на Македонија | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |
| Спортски Центар Борис Трајковски | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Универзитетска клиника за детски болести | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | |
| Агенција за вработување на РМ | 2 | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 |
| Управа за јавни приходи | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | |

**Анекс 2.**
Промена на нивото на транспарентност во 2018 во однос на 2017 година

| Институција | 2018 година | 2017 година | Промена во нивото на транспарентност |
|---|---|---|---|
| Здравствен дом Берово | ★ | ★ | ↓ |
| Здравствен дом Битола | ★ | ★ | ↓ |
| Здравствен дом Вевчани | ★ | ★ | = |
| Здравствен дом Велес | ★ | ★ | = |
| Здравствен дом Виница | ★ | ★ | ↓ |
| Здравствен дом Гевгелија | ★ | ★ | ↓ |
| Здравствен дом Гостивар | ★ | ★ | ↓ |
| Здравствен дом Демир Хисар | ★ | ★ | = |
| Здравствен дом Дебар | ★ | ★ | ↓ |
| Здравствен дом Делчево | ★ | /[2] | / |
| Здравствен дом Железничар | ★ | ★ | ↑ |
| Здравствен дом Кавадарци | ★ | ★ | = |
| Здравствен дом Кичево | ★ | ★ | = |
| Здравствен дом Кочани | ★ | ★ | = |
| Здравствен дом Кратово | ★ | ★ | = |
| Здравствен дом Крива Паланка | ★ | ★ | = |
| Здравствен дом Крушево | ★ | ★ | = |
| Здравствен дом Куманово | ★ | ★ | = |
| Здравствен дом Македонски Брод | ★ | ★ | ↑ |
| Здравствен дом Охрид | ★ | ★ | = |
| Здравствен дом Прилеп | ★ | ★ | = |
| Здравствен дом Пробиштип | ★ | ★ | ↓ |
| Здравствен дом Радовиш | ★ | ★ | = |
| Здравствен дом Ресен | ★ | ★ | ↓ |
| Здравствен дом с. Ростуше | ★ | ★ | ↓ |
| Здравствен дом Св. Николе | ★ | ★ | ↓ |
| Здравствен дом Скопје | ★ | ★ | = |
| Здравствен дом Струга | ★ | ★ | = |
| Здравствен дом Струмица | ★ | ★ | = |
| Здравствен дом Тетово | ★ | ★ | ↓ |

[2] Празните полиња во колоната за 2017 година означуваат дека соодветната институција не била предмет на анализа во таа година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Здравствен дом Штип | ★ (green) | ★ (red) | ↑ |
| Здравствен дом Неготино | ★ (red) | ★ (green) | ↓ |
| Здравствен дом Пехчево | ★ (green) | ★ (green) | = |
| Институт за јавно здравје | ★ (yellow) | ★ (green) | ↓ |
| Министерство за здравство | ★ (red) | ★ (red) | = |
| Министерство за финансии | ★ (yellow) | ★ (red) | ↑ |
| Министерство за култура | ★ (red) | / | / |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | ★ (red) | ★ (red) | = |
| Министерство за одбрана | ★ (yellow) | / | / |
| Министерство за информатичко општество и администрација | ★ (red) | / | / |
| Министерство за локална самоуправа | ★ (red) | / | / |
| Министерство за образование и наука | ★ (red) | / | / |
| Министерство за труд и социјална политика | ★ (red) | / | / |
| Министерство за транспорт и врски | ★ (yellow) | / | / |
| Министерство за животна средна и просторно планирање | ★ (red) | / | / |
| Министерство за правда | ★ (yellow) | / | / |
| Министерство за надворешни работи | ★ (green) | / | / |
| Министерство за внатрешни работи | ★ (green) | / | / |
| Министерство за економија | ★ (green) | ★ (red) | ↑ |
| Фонд за пензиско и инвалидско осигурување | ★ (green) | / | / |
| Фонд за здравствено осигурување на РМ | ★ (green) | / | / |
| Општа болница Струмица | ★ (red) | ★ (green) | ↓ |
| Специјална Болница за Гинекологија и акушерство – Чаир | ★ (green) | ★ (yellow) | ↑ |
| Универзитетска клиника за Гинекологија и Акушерство | ★ (red) | ★ (green) | ↓ |
| Центар за јавно здравје Битола | | ★ (green) | ↓ |
| Центар за јавно здравје Велес | ★ (red) | ★ (green) | ↓ |
| Центар за јавно здравје Кочани | ★ (red) | ★ (green) | ↓ |
| Центар за јавно здравје Куманово | ★ (green) | ★ (green) | = |
| Центар за јавно здравје Охрид | ★ (red) | ★ (green) | ↓ |
| Центар за јавно здравје Прилеп | ★ (green) | ★ (green) | = |
| Центар за јавно здравје Скопје | ★ (yellow) | ★ (yellow) | = |
| Центар за јавно здравје Струмица | ★ (yellow) | ★ (yellow) | = |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Центар за јавно здравје Тетово** | ★ (red) | ★ (green) | ↓ |
| **Центар за јавно здравје Штип** | ★ (red) | ★ (green) | ↓ |
| **Влада на РМ** | ★ (green) | / | / |
| **Завод за здравствена заштита на мајките и децата** | ★ (yellow) | ★ (yellow) | = |
| **Завод за рехабилитација на слух, говор и глас** | ★ (green) | / | / |
| **Јога Сојуз на Македонија** | ★ (red) | ★ (red) | = |
| **Спортски Центар Борис Трајковски** | ★ (green) | ★ (red) | ↑ |
| **Универзитетска клиника за детски болести** | ★ (yellow) | ★ (green) | ↓ |
| **Агенција за вработување на РМ** | ★ (yellow) | ★ (yellow) | = |
| **Управа за јавни приходи** | ★ (red) | / | / |

Финансиски поддржано од:

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ